**УГОТУР А.Д.-Скопје**

**за организирана исхрана,угостителство и туризам**
**агенциско работење и трговија**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО
# ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. - 31.12.2020 година

**февруари 2021 година**

Во деловната 2020 година, Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## I.Обем на работа

| Вид на услуга | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 105.790 | 126.838 | 119,89 |
| -деловни ручеци(во ден.) | 138.585 | 72.200 | 52,09 |
| -готовина-ресторан (во ден.) | 2.859.581 | 1.983.495 | 69,36 |
| -приходи од продажба на стоки-транзит | 0 | 253.252.824 | 0 |

**Преглед на обем на производството**
**(оброци за организирана исхрана)**
**2019 година и 2020 година**

| Месеци | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 8.826 | 8.603 | 97.47 |
| **Февруари** | 9.591 | 7.237 | 75,45 |
| **Март** | 10.004 | 12.540 | 125,34 |
| **Април** | 9.005 | 10.022 | 111,29 |
| **Мај** | 9.473 | 9.832 | 103,78 |
| **Јуни** | 8.052 | 11.613 | 144,22 |
| **Јули** | 9.364 | 11.990 | 128,04 |
| **Август** | 7.929 | 10.451 | 131,80 |
| **Септември** | 8.575 | 10.844 | 126,46 |
| **Октомври** | 8.985 | 11.028 | 122,73 |
| **Ноември** | 8.066 | 11.482 | 142,35 |
| **Декември** | 7.920 | 11.193 | 141,32 |
| **Вкупно** | **105.790** | **126.835** | |

-Во делот на организирана исхрана во деловната 2020 година имаме зголемување на обемот на производство споредено со 2019 година Во делот на деловни ручеци и готовина од ресторан бележиме намалување поради Корона-19 кризата. Додека во делот приходи од продажба на стоки имаме зголемување во 2020 година.

## II.Финансиски резултат

изностите се во денари

| Позиција | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи | 13.589.675 | 272.126.278 | 2002.44 |
| -вкупни расходи | 14.584.638 | 263.586.525 | 1807,28 |
| **Остварена бруто добивка(загуба) за финансиска година пред оданочување** | -994.963 | 8.539.753 | |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## 1.Приходи

| Позиција | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 12.143.699 | 16.092.989 | 132,52 |
| -приходи од продажба на стока-транзит | - | 253.252.824 | - |
| -приходи од одобренија | - | 356.903 | - |
| -приходи од закупнини,рефактурирање | 222.300 | 810.749 | 364,70 |
| -приходи од дивиденди | 906.580 | 304.850 | 33,62 |
| -приходи од продаж.на опрема | 243.987 | 20.000 | 8,19 |
| -приходи од провизија за ост.посредув. | - | 1.214.158 | - |
| -приходи од камати | 60 | - | - |
| -останати приходи | 73.049 | 73.804 | 101,03 |
| **Вкупно** | **13.589.675** | **272.126.278** | |

## 2.Расходи

| Р.бр. | Конто | Опис на конто | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 и 401 | Потрошени суровини и материјали | 4.999.241 | 4.569.017 | 91,39 |
| 2 | 402 и 403 | Потрошена енергија и гориво | 615.894 | 541.311 | 87,89 |
| 3 | 404 и 405 | Трошоци за резервни делови | 7.614 | 1.881 | 24,70 |
| 4 | 407 и 408 | Трошоци за ситен инвентар | 4.129 | - | - |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | - | 24.000 | - |
| 6 | 411 | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 30.401 | 51.115 | 168,14 |
| 7 | 412 | Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | 395.318 | 817.750 | 206,86 |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 165.595 | 86.233 | 52,07 |
| 9 | | Трошоци што се рефактурираат | - | 784.818 | - |
| 10 | 414 | Трошоци за наем на дел.простор | 396.293 | 353.289 | 89,15 |
| 11 | 415 | Трошоци за комунални услуги | 193.681 | 166.769 | 86,10 |
| 12 | 419 | Останати услуги | - | 1.214.158 | |
| 13 | 420 | Плати и надоместоци од плати бруто | 5.383.836 | 4.902.054 | 91,05 |
| 14 | 422 | Останати трошоци за вработените | 545.076 | 558.640 | 102,49 |
| 15 | 430 и 432 | Амортизација | 58.323 | - | - |
| 16 | 444 | Трошоци за репрезентација | 15.516 | 17.526 | 112,95 |
| 17 | 446 | Трошоци за банкарски услуги и платен промет | 36.510 | 56.298 | 154,20 |
| 18 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот | 10.113 | - | - |
| 19 | 449 | Останати трошоци од работењето | 20.000 | 111.873 | 559,37 |
| 20 | 462 | Загуба од продажба на хартии од вредност | 55.080 | - | - |
| 21 | 464 | Кало,растур, кршење и расипување | 57.897 | 56.248 | 97,15 |
| 22 | 468 | Казни, пенали | 121 | 135 | 111,57 |
| 23 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | - | 249.273.384 | - |
| | | **Расходи од работењето** | **12.990.638** | **263.586.499** | |
| 24 | 474 | Расход по основ на камати | - | 26 | - |
| 25 | 476 | Раходи од сведување на акции | 1.594.000 | - | - |
| | | | | | |
| | | **Финансиски расходи** | **1.594.000** | **26** | |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14.584.638** | **263.586.525** | |

Поради пандемијата во процесот на производство имавме значаен пад.

Кон крајот на месец јануари постигнавме договор со фирмата Наше маало, доставувавме готвени јадења во Маркетот Фреш на локација Скопје Север, но ова кратко траеше затоа што веднаш потоа започна пандемијата (КОВИД-19) и фирмата прекина да ја користи нашата услуга.

Фирмите Кастинвест (околу 1900 оброци месечно)и Вивакс (околу 300 оброци месечно) ја откажаа нашата услуга од 04/2020 година Фирмата ДС Смит(околу 350 оброци месечно) исто така ја откажа нашата услуга од 07/2020 година, додека приватната градинка Црвенкапа не ја користеше нашата услуга од април до септември 2020 година.

Исто така и во ресторанскиот дел имавме намалување, ресторанот не работеше од 13.03.-04.05.2020 година.

И покрај тоа што 2020 година беше тешка година поради пандемијата (вирусот КОВИД-19), Уготур АД постигна одлични резултати.

Приходите од основната дејност во најголем дел се зголемени поради тоа што се постигна договор со фабрика Европа за организирање исхрана за нивните вработени.

Се ангажиравме максимално за дополнителна работа, бевме во преговори со фирмите: Римес, Теламон, БТЛ, МДН, Приватна градинка Детско царство, ДС Смит.

Приходите исто така се зголемени во 2020 година во делот на продавањето на стоки-транзит за разлика од 2019 година каде немавме приходи од овој вид.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во Уготур АД-Скопје е организирано според едностепен систем на управување,Одбор на директори составен од 4 члена.

## НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2020 година извршниот член на Одборот на директори на Уготур А.Д.Скопје Оливер Стојчевиќ по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во Друштвото во кое е вработен.
Неизвршниот член на Одборот на директори Александар Илијевски по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработен.
Неизвршниот независен член на Одборот на директори Марина Симоноски по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработена. Неизвршниот член на Одборот на директори Душко Ангелов по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработен.

Деловната 2020 година Друштвото ја заврши со добивка по оданочување во износ од 7.678.387 денари.

Ќе продолжиме и понатаму да се ангажираме за да го зголемиме обемот на производството на храна и ќе настојуваме да го подобриме работењето во ресторанот.

Доколку се остварат планираните активности за деловната 2021 година можно е постабилно работење и подобрување на финансискиот ефект.

Агенциско друштво за организирана исхрана угостителско работење и трговија "УГОТУР" Скопје

**Извршен директор**

**/Оливер Стојчевиќ/**